**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ СКОПЈЕ**
бул. „Гоце Делчев“ бр. 9А, 1000 Скопје, Р. Македонија Деканат: +389 2 3240 401,
Централа: +389 2 3240 400

# П О К А Н А

**Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје**

Ве поканува да учествувате на

## МЕЃУНАРОДНИОТ НАУЧЕН СОБИР „ФИЛОЛОГИЈАТА ДЕНЕС – ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ“

**18 декември 2026 год.**

По повод одбележувањето на двата значајни јубилеи, 80 години од основањето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со Решение од Владата на НР Македонија во 1946 година и 80 години од првите предавања, одржани на 16 декември 2026 година, чест ни е да ве поканиме на Меѓународниот научен собир „Филологијата денес – предизвици и перспективи“, кој ќе се одржи на 18 декември 2026 година.

Темата на собирот се однесува на моменталните состојби во филологијата, но и на нејзините перспективи како дисциплина, која денес се соочува со низа прашања и предизвици. Тие првенствено се однесуваат на местото и на интересот за филолошките студии во локални и во светски рамки, особено во однос на подемот на вештачката интелигенција. Во т.н. ера на човекот, обележена со експлозија од информации, технолошки развој и проширување на научните сознанија меѓу различните дисциплини, а со тоа и појава на нови научни дисциплини, научиот собир ќе се обиде да ги маркира промените во човековото влијание врз научното спознание и начинот како се манифестира тоа во процесот на општествената размена. Оваа ера се карактеризира со присуството на човекот како фактор на климатските промени и на промените во животната средина, а филологијата како наука ги следи модусите на репрезентација во различните сфери на споделеното човеково искуство. Предвидените теми на конференцијата ќе се однесуваат на традиционалните методи во филолошките истражувања, како и на актуелноста, односно на современите теориски, интердисциплинарни и други видови перспективи.

Предложените реферати можат да се однесуваат (но не се нужно ограничени) на една од следните теми:

- Филологијата како античка дисциплина (историја, теорија, практика) и нејзината врска со актуелните состојби.
- Современата филологија како актуализација на традиционалните методи, но и како предводник на нови методолошки потфати.
- Дигитална филологија.
- Филолошките проучувања на јазикот и нивното современо преосмислување.
- Филолошките проучувања на литературата како можност за воспоставување нови парадигми и методи на проучување на литературните дела.
- Преводот како практика/инструмент во епохата на човекот и неговата актуализација преку употребата на технологијата.
- Јазичното, литературното и културното наследство во дигиталната епоха, како ревизија на претходните општествени и културни норми.
- Компаративна/контрастивна филологија – словенските јазици, литератури и култури во интер-/интрасемиотички, пансловенски, но и во европски и во светски контекст.
- Рецепцијата на јазикот, литературата и културата во сопствената средина, но и пошироко, како трансфер на вредности и погледи на светот.
- Проблемот на наставата по странски јазик, литература и култура и предизвиците со кои се соочува во дигиталната ера.
- Филологијата и нејзината перспектива во традиционалниот и во современиот образовен контекст.
- Филологијата во современото живеење, филологијата и политичките/општествените промени.

**УПАТСТВО ЗА УЧЕСТВО И ВАЖНИ ДАТУМИ:**

1. Секој автор може да се пријави со еден труд (самостојно или во коаворство) за учество на собирот.
2. Пријавувањето трае до **1 септември 2026 г.** на адресата: 80godiniFLF@flf.ukim.edu.mk
3. Авторите ќе добијат известување за прифаќањето на пријавата за учество најдоцна до **1 октомври 2026 година.**
4. По завршувањето на собирот, трудовите ќе бидат објавени во зборник. За роковите, формата и обемот на трудовите, авторите ќе бидат дополнително известени од страна на Организацискиот одбор.
5. Работни јазици на собирот се македонскиот, англискиот и сите словенски јазици.

**Организациски одбор:**

проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, претседател
проф. д-р Ирина Бабамова
проф. д-р Маријана Ѓорѓиева
проф. д-р Осман Емин
проф. д-р Руска Ивановска –Наскова
проф. д-р Исмет Османи
проф. д-р Бојан Петревски

проф. д-р Елизабета Шелева
доц. д-р Игор Поповски, секретар
д-р Михаил Атанасов Раду, виш лектор, секретар